20. План за упис на ученици за I година во 2024/25 година во СОУ Коста Сусинов Радовиш.

- Предлагач и Изработува : СОУ Коста Сусинов Радовиш
- Разгледува: Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

21. Годишен Извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2023 год.

- Предлагач и Изработува : НБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

22. Усвојување на завршна сметка на ОНБ „Браќа Миладиновци„ за 2023 год.

- Предлагач и Изработува:ОНБ „Браќа Миладиновци„Радовиш
- Разгледува : Комисија за финасирање, буџет и Локален Економски Развој
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

23. Годишен Извештај за работа на ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш за 2023 год.
- Предлагач и Изработува : ОУ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт .
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
24. Усвојување на завршна сметка на ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш за 2023 год.
- Предлагач и Изработува: ЦК„Ацо Караманов„ Радовиш
- Разгледува : Комисија за финасирање, буџет и Локален Економски Развој
- Усвојува : Совет на општина Радовиш.
25. Усвојување на завршна сметка на ЈОУДГ "Ацо Караманов" за учебната 2023 г.
- Изработува : ЈОУДГ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
26. Извештај за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ОВР ПС ОН-Радовиш за периодот од 01.07.2023 до 31.12.2023 год.
- Предлагач и Изработува:МВР-ОВР-Радовиш
- Разгледува : Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
27. Извештај за извршување на одлуките донесени од страна на Советот на општина Радовиш за втората половина од 2023 година
28. Информација за извршување на надлежностите на Градоначалникот на општина Радовиш за втората половина од 2023 година
- Предлагач и Изработува: Градоначалник на општина Радовиш
- Усвојува : Совет на општина Радовиш.
29. Информација за хуманитарни активности на ОО на Црвен крст-Радовиш за 2023 г.
30. Информација за доделени средства од страна на ЕЛС општина Радовиш хуманитарни активности на ОО на Црвен крст-Радовиш за 2023 год.
- Предлагач и Изработува: Претседателство на ОК на ЦК Радовиш;
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
31. Инфор. за хиг.епидем.состојба во о. Радовиш за 2023 г. со предлог мерки за 2024г.
- Изработува: ХЕС Радовиш-Центар за јавно здравство-Штип
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
32. Информација за појавата и ширењето на заразните и паразитските болести кај животните во општина Радовиш за 2023 год. со предлог мерки за 2024 год.
- Предлагач : Комисија за здравство и социјална заштита
- Изработува: Агенција за храна и ветеринарство Подрачно единица Радовиш
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш
33. Информација за болести на зависност (наркоманија и алкохолизам) на подрачјето на општина Радовиш и преземени активности од МЦСР за сузбивање на истите 2023 г.
34. Извештај за работа на ЈУ Меѓуопшт. центар за социјални работи за 2023 година и
35. Програма за работа на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за 2023 год.
36. Програма за развој на специфични потреби на граѓ. од областа на соц.зашт.за 2023 г.
37. Развојна Програма за заштита на децата за 2023 година.

- Предлагач и Изработува : Меѓуопштински Центар за социјална работа Радовиш
- Разгледува : комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

38. Извештај за наплатена убереnásata комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2023 год.

- Предлагач и Изработува : Станици за технички преглед
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

39. Информација за состојбите во шумскиот фонд во општина Радовиш за 2023 год.

- Изготвувач : ЈП Национални шуми Подружница "Плачковица" - Радовиш
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

40. Информација за состојбите со шумите и шумски пожари во о. Радовиш за 2023 год.

- Изготвувач : Шумарски инспектор- Одд. Радовиш, и ЈП Национални шуми ПОС "Плачковица" -Радовиш.
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

41. Информација за заштитата на шумите од бесправна сеча во о. Радовиш за 2023 г.

- Изготвувач : Шумска полиција - Радовиш
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

42. Годишен Извештај за работата на Секторот за инспекциски надзор за 2023 год.

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : Секторот за инспекциски надзор
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш.

43. Донесување на Социјален План на општина Радовиш за период од 2024-2027 година

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и ЛЕР
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџетт и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш.

44. Донесување на Програма за работа на Советот за превенција на детско престапништво во општина Радовиш за 2024 година

- Изработува : Советот за превенција на детско престапништво во општина Радовиш
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџетт и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш.

**АПРИЛ-ЈУНИ**

45. Извештај за работата на ТППЕ во Радовиш за првиот квартал во 2023 год.

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : ТППЕ

46. Извештај за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за првиот квартал во 2023 год

- Разгледува : Комисија за сообраќај, безбедност во сообраќајот и ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

47. Извештај за реализација на Буџетот на општина Радовиш (за I квартал) за 2024 г.

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : Општинска администрација- Сектор за финансирање и буџет;

- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

48. Извештај од ЗГ за потрошени средста добиени од страна на ЕЛС Радовиш.

- Изработува : Здруженија на граѓани од општина Радовиш;
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

## ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ

49. Усвојување на Год.Програми за работа на инст. од образов. за учебната 2023/2024г. 31 август
50. Извештај за реализација на годишните програми од учебната 2023/2024 год. јули

- Предлагач и изготвувач : Институциите од образованието во Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

51. Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и локални патишта за 2024 год. со финансов извештај за првите 6 месеци;

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува: Општинска администрација- Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на живот.средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

52. 52.Извештај за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2022 год. со финансов извештај за првите 6 месеци;

- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува: Општинска админситрација- Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

53. Извештај за опфатеноста на децата во основното образование по уписот во I одделение.
54. 48.Доставување на список на ученици по Одлуката За наградување на талентирани ученици во општина Радовиш 2024/2025 год.

- Предлагач и Изработува: Основни училишта во општината
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

55. Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ "Ацо Караманов" за учебната 2023/2024 год.

- Изработува : ЈОУДГ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

56. 50. Годишна Програма за работа на ЈОУДГ "Ацо Караманов" Радовиш за 2024/2025 год.

- Изработува : ЈОУДГ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисија за здравство и социјална заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

57. Извештај за состојбата во обласста на јавниот ред и мир и безбед. на сообр.на патиштата на подрачјето на ОВР ПС ОН-Радовиш за 01.01.2024 до 30.06.2025 год.

- Предлагач и Изработува:МВР-ОВР-Радовиш
- Разгледува : Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

58. Извештај за извршување на одлуките донесени од страна на Советот на општина Радовиш за првата половина од 2024 година

59. Информација за извршување на надлежностите на Градоначалникот на општина Радовиш за првата половина од 2024 година
- Изработува: Градоначалник на општина Радовиш
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

60. Извештај за работата на ТППЕ во Радовиш за вториот квартал од 2024 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : ТППЕ
- Разгледува : Комисија за сообраќај, безбедност во сообраќајот И ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

61. Извештај за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за вториот квартал од 2024 год.
- Предлагач: ЈПССО Радовиш 2014
- Разгледува :Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој

62. Извештај за реализација на Буџетот на општина Радовиш (II квартал) за 2024 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : Општинска администрација- Сектор за финансирање и буџет;
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

63. Програма за новогодишно украсување за 2024 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува: Општинска администрација- Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и зашт. на живот. средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

64. Предлог Годишен План за вработување со број на извршители во ЕЛС општина Радовиш за 2025 г.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува : општинска администрација- Одделение за човекови ресурси;
- Разгледува : Комисијата за статут и прописи
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

65. Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ "Ацо Караманов" Радовиш за 2024/2025 год.
- Предлагач и Изработува : ОУ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт .
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

66. План за вработување со број на извршители во Основни училишта, СОУ Коста Сусинов Радовиш, ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш, ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш, ЈОУДГ Ацо Караманов и ЈП Плаваја Радовиш за 2025 година.
- Предлагач и Изработува: Основни училишта, СОУ, и ЈОУДГ Радовиш, ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш, ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш и ЈП Плаваја.
- Разгледува : Комисијата за статут и прописи
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

67. Програма за ревитализација по елиминирање на кризата
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува : општинска администрација- Одделение за општи работи и јавни дејности;
- Разгледува : Комисијата за сообраќај, безбедност и противпожарна заштита
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

**ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ**

68. Разгледување на иницијативи на МЗ во општината за 2025 год.
- Предлагач и Изработува: Одбор на МЗ - Радовиш

- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и зашт. на живот. средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

69. Програма за работа на Советот на општина Радовиш за 2025 г.
- Изготвувач: Комисија за изготвување на Програма на Советот на општината
- Разгледува : Комисија за изготвување на Програма на Советот на општината
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

70. Предлог Програма за уредување на градежно земјиште, одржување на улици и локални патишта за 2025 г.
71. Предлог Програма за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2025 год.
72. Предлог Програма за јавно осветлување во општина Радовиш за 2025 г.
73. Предлог Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Р Македонија за 2025 година, по пат на електронско јавно наддавање за подрачјето на општина Радовиш
74. Предлог Програма на Одделение за локален економски развој во општина Радовиш за 2025
75. Предлог Програма за управување со отпад во општина Радовиш за 2024 година
- Предлагач Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува: Општинска администрација- Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и зашт. на живот. средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

76. Предлог Програма за јавна чистота во општина Радовиш за 2025 г.
77. Предлог Програма за одржување и користење на паркови и други јавни површини од локално значење за 2025 год.
78. Програмата за управуивање и одржување на градски гробишта во општина Радовиш, и населените, места Раклиш, Ораовица и Подареш за 2025 година.
- Предлагач и Изработува: ЈП "Плаваја"- Радовиш;
- Разгледува : Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

79. Предлог-Програма на потреби за функционирање на администрацијата во единицата на локалната самоуправа-Радовиш за 2025 год;
80. Предлог Програма За волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2025 година.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува : општинска администрација- Сектор за нормативно-правни , јавни дејности и општи работи;
- Разгледува : Комисијата за статут и прописи
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

81. Предлог Програма за активностите на о. Радовиш во областа на образов.во 2025 г.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува : општинска администрација- Сектор за нормативно-правни , јавни дејности и општи работи;
- Разгледува : Комисијата за статут и прописи
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

82. Предлог Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2025 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : општинска администрација- Сектор за нормативно-правни , јавни дејности и општи работи;
- Разгледува : Комисија за награди и признанија;

- Усвојува: Совет на општина Радовиш

83. Програма за јавни потреби на спортот во општина Радовиш за 2025 година
84. Предлог Програма за активности на о. Радовиш во областа на културата во 2025 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : општинска администрација- Сектор за нормативно-правни , јавни дејности и општи работи;
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува: Совет на општина Радовиш

85. Предлог Програма за работа на Советот на млади во општина Радовиш во 2025 год.
- Предлагач и изработува: Советот на млади во општина Радовиш
- Разгледува : Комисијата за статут и прописи
- Усвојува: Совет на општина Радовиш

86. Општински оперативен план за заштита од пожари за 2025 година
87. Општински операт.план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2025 г.
88. Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2025 година.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува : општинска администрација- Сектор за нормативно-правни , јавни дејности и општи работи;
- Разгледува : Комисија за сообраќај, безбедност во сообраќајот и ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

89. Буџет на општина Радовиш за 2025 г.
- Предлагач Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува: Општинска администрација- Сектор за финансирање и буџет;
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

90. Извештај за реализација на Буџетот на општина Радовиш (III трет кварта) за 2024 г.
- Предлагач Градоначалник на општина Радовиш .
- Изработува: Општинска администрација- Сектор за финансирање и буџет;
- Разгледува : Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

91. Усвојување на финансови планови на институциите од образованието за 2025 година.
- Предлага и изработува : образовната институција
- Разгледува : Комисија за финансирење и буџет
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

92. Извештај за бројот на запишани ученици во И одделение во ООУ во општина Радовиш за 2024/2025 год..
- Предлага и изработува : образовни институции
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

93. Извештај за бројот на запиш. ученици во I год.во СОУ К. Сусинов Радовиш за 2024/2025 .
- Предлага и изработува : СОУ Коста Сусинов Радовиш
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

94. Усвојување на финансови планови на институциите од културата за 2024 год.
- Изработува : ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисија за финансирање и буџет
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

95. Програма за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2025 год.
- Предлага и изработува : НБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

96. Предлог Годишна Програма за раб. на ОУ ЦК "Ацо Караманов" Радовиш за 2025 г.
- Предлага и изработува : ОУ "Ацо Караманов" Радовиш
- Разгледува : Комисијата за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

97. Извештај за работата на ТППЕ во Радовиш за третиот квартал за 2024 год.
- Предлагач: Градоначалник на општина Радовиш
- Изработува : ТППЕ
- Разгледува : Комисија за сообраќај, безбедност во сообраќајот и ППЗ
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

98. Извештај за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за третиот квартал за 2024 год.
- Изработува : ЈПССО Радовиш 2014
- Разгледува : Комисија за финансирање буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Радовиш

**НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Советот на општината по потреба ќе разгледува прашања и ќе донесува одлуки и програми што ќе произлезат од тековното работење, законите и упатствата од повисоки органи.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-488/2 Совет на општина Радовиш
Дата 11.03.2024 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 3 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XLV седница одржана на 11.03.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за работата на Советот на Општина Радовиш за 2024 година

I. Се донесува Програма за работата на Советот на Општина Радовиш за 2024 година.

II. Оваа Одлука стапува на сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-488/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11.03.2024 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Општина Радовиш за 2023 година и Годишен извештај на Општина Радовиш за 2023 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Годишен извештај

на Општина Радовиш за 2023 година бр.08-489/1 и Годишен извештај на Општина Радовиш за 2023 година, бр.08-489/2

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 11.03.2024 година.

Број 09-489/3 Градоначалник
Дата 12.03.2024 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 31 и чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005),

Советот на општина Радовиш на XLV седница одржана на 11.03.2024 година, донесе

Заклучок
за усвојување на Годишен извештај
на Општина Радовиш за 2023 година

Член 1

Се усвојува Годишен извештај на Општина Радовиш за 2023 година број 05-202/17 од 23.02.2024 година.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-489/1 Совет на општина Радовиш
Дата 11.03.2024 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

## 1.1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е сместена во југоисточниот дел од Република Македонија, во подножјето на планината Плачковица.

## ДЕМОГРАФИЈА

**Вкупно население во општина Радовиш: 24.122 жители**

Површина на општината 608 км$^2$

Податоците се земени од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 год. и покажуваат намалување на населението за 14,5% односно за 4.122 жители во споредба со податоците од пописот од 2002 година (28.244 жители).

## ЕКОНОМИЈА

**Поважните економски сектори во општина Радовиш:**

☒ Градежништво
☒ Индустрија за градежни материјали
☒ Дрвна индустрија
☒ Метална и машинска индустрија
☒ Неметална индустрија
☒ Црна и обоена металургија
☒ Рударство
☒ Земјоделство
☒ Лов и риболов
☒ Туризам
☒ Текстилна индустрија
☒ Прехрамбена индустрија

☒ Трговија
☒ Транспорт
☒ Диспечерски услуги во транспортниот сектор
☒ Банкарство

## ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ

Банки и други финансиски институции

Стопанска банка - филијала Радовиш
Тутунска банка - филијала Радовиш
Комерцијална банка - филијала Радовиш
Уни банка - филијала Радовиш
ТТК банка - филијала Радовиш
Халк банка - филијала Радовиш
Управа за јавни приходи - одделение Радовиш

## ЗДРАВСТВО

ЈЗУ Здравен Дом Радовиш со 10 дејности под управа на ЈЗУ Здравствен Дом Радовиш

14 ПЗУ Општа медицина од кои 1 ПЗУ Општа медицина во с. Калуѓерица и 1 ПЗУ Општа медицина во с. Подареш, 12 ПЗУ општа стоматологија, 2 ПЗУ гинекологија, 3 ПЗУ Лабoратории, 2 СПЗУ Интерна медицина, 1 СПЗУ Ортопедија, 1 СПЗУ Дерматологија, 1 СПЗУ Ортодонт.

Истотака работат и 9 ПЗУ Аптеки од кои 1 ПЗУ Аптека во населените места - с. Подареш.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Во Општините Радовиш и Конче постојат околу 654 домаќинства, кои се приматели на гарантирана минимална помош; 144 корисници на надоместок заради попреченост; 620 корисници на надомест за помош и нега од друго лице; 5 корисници на надоместок на плата за скратено работно време; 21 корисник на траен надоместок; 169 корисници и домаќинства на еднократна парична помош; 282 корисници на социјална сигурност за старите лица; 436 корисници на детски додаток, 100 корисници на посебен додаток; 110 корисници на еднократна парична помош за новороденче; 487 корисници на образовен додаток; 344 корисници на родителски додаток за трето и четврто дете, 10 корисници на помош и нега во домот и 11 корисници на лична асистенција.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Јавни претпријатија во општината**

ЈП "Плаваја"
ЈПССО "Радовиш 2014"
ЈП "Национални шуми" подружница "Плачковица" - Радовиш
РО "Мантово" - Радовиш

## ЈАВЕН СЕКТОР

Во Јавниот сектор постојат: ЕЛС, подрачни единици на сите министерства, Основен суд, Катастар, МВР, Управа за јавни приходи, ЈЗУ„Здравен дом", ПИОМ, МЦСР.

## 1.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Општина Радовиш.

### Надлежност

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште; Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се

снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнавања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Организација и сметки**

Органи на општината се:
- Советот и
- Градоначалникот

**Совет**

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните. Советот на Општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните, избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:
- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:
- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;

- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;

- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
  - Врши други работи утврдени со закон и со статут.

**Администрацијата** на општината е надлежна за извршување на работите во рамките на општината, распределена во сектори и одделенија. Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно - правни, извршни, управно - надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на административни службеници. За нивното вработување, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

**Администрацијата е организирана во сектори и одделенија и тоа:**

- **Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи**
  - Одделение за нормативно - правни работи;
  - Одделение за јавни дејности и општи работи;

- **Сектор за финансиски прашања**
  - Оделение за сметководство и плаќање;
  - Одделение за даноци, такси и надоместоци.

- **Сектор за урбанизам, комунални работи,заштита на животна средина и локален економски развој**
  - Одделение за урбанизам и заштита на животна средина
  - Одделение за комунални работи
  - Одделение за локален економски развој.

- **Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат**
  - Одделение за градежна, комунална и инспекција за сообраќај и патишта;
  - Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината.

- **Одделение за внатрешна ревизија**

- **Одделение за управување со човечки ресурси**

- **Противпожарен вод.**

Во рамките на општината се формирани:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за култура, образование и спорт;
- Комисија за здравство и социјална заштита;
- Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита;
- Комисија за награди и признанија;
- Комисја за месна самоуправа и граѓанска иницијатива;
- Комисија за земјоделие;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за заштита на правата на децата во општина Радовиш;
- Одбор за јавно осветлување;
- Комисија за јавна набавка.

Финансиското работење на општина Радовиш се извршува преку Сметка - Буџет на Општина Радовиш 758014072063018, додека преку Сметка – Орган на Општина Радовиш 758014072063713 се извршуваат расходите од Буџетот на Општината.

Овластено лице за располагање со паричните средства на сметките на Општина Радовиш во текот на 2023 година е Градоначалникот.

### 1.3. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ГОДИШНА/ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2023 ГОДИНА

Буџетот на Општина Радовиш за 2023 година беше донесен од страна на Советот на Општина Радовиш, на 28.12.2022 година со бр. 08-2009/2 и Одлука за извршување на буџетот за 2023 година под број 08-2010/1. Истиот беше подготвен согласно важечките законски прописи, односно согласно **Законот за локална самоуправа** ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), **Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа** ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), **Законот за буџетите** ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08,103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21), **Буџетскиот циркулар - насоки** за подготовка на буџетите на ЕЛС за 2023 година, добиен од Министерството за финансии на РСМ со арх. бр. 08-9998/1 од 28.09.2022 год. (примено кај нас под арх. бр. 05-1560/1 од 03.10.2022 година) и **Дополнување на насоките** за подготовка на буџетите на ЕЛС за 2023 година, добиено од Министерството за финансии на РСМ со арх. бр. 08-9998/2 од 02.12.2022 год. (примено кај нас под арх. бр. 05-1864/1 од 07.12.2022 година).

При подготовката на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година беа земени во предвид поставените стратешки цели на општината, со кои ќе се обезбеди ефикасно извршување на надлежностите и исполнување на потребите на граѓаните, како и економската политика на Владата на РСМ со следните стратешки приоритети:

- обезбедување забрзан и оддржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- справување со светската пандемија предизвикана од КОВИД-19 и други кризи;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независноста на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот; развој и унапредување на културата и спортот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники;
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Во текот на годината беа извршени следните измени на донесениот буџет на Општина Радовиш за 2023 година:

- проширување (прво) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 год. со Одлука бр. 08-462/1 од 28.02.2023 год.
- измена на распоредот на средствата (прва пренамена) со Одлука бр. 08-463/1 од 28.02.2023 год.
- измени и дополнувања - прв ребаланс на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со бр. 08-971/2 од 30.05.2023 год.
- измена на распоредот на средствата (втора пренамена) со Одлука бр. 08-1157/1 од 11.07.2023 год.
- проширување (второ) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 год. со Одлука бр. 08-1158/1 од 11.07.2023 год.
- пренамена (трета) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 год. со Одлука бр. 08-1210/1 од 28.07.2023 год.
- проширување (трето) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 год. со Одлука бр. 08-1313/1 од 29.08.2023 год.
- пренамена (четврта) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со Одлука бр. 08-1310/1 од 29.08.2023 год.
- проширување (четврто) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 год. со Одлука бр. 08-1461/1 од 28.09.2023 год.
- пренамена (петта) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со Одлука бр. 08-1460/1 од 28.09.2023 год.
- измени и дополнувања - втор ребаланс на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со бр. 08-1702/2 од 14.11.2023 год.
- пренамена (шеста) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со Одлука бр. 08-1834/1 од 18.12.2023 год.
- пренамена (седма) на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со Одлука бр. 08-1866/1 од 20.12.2023 год
-
- Одлука за измена на одлука за извршување на буџетот на Општина Радовиш за 2023 година со бр. 08-791/1 од 27.04.2023 година.
-

**Приходи на општината**

Согласно Табела бр. 1, прикажана подолу, може да се виде дека вкупните реализирани приходи на Општината во 2023 година изнесуваат 559.419.645 денари или 81,89% од вкупно планираните приходи во буџетот на општината, што покажува зголемување од 15,05% споредено со износот на реализираните вкупни приходи во претходната година.

Приходите на основниот буџет се реализирани во износ од 171.387.840 денари или 87,43% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година, што покажува намалување од 4,26% споредено со износот на реализираните вкупни приходи во претходната година.

Приходите од дотации се реализирани во износ од 331.282.564 денари или 85,00% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година. Учеството на блок дотациите во структурата на вкупните приходи во буџетот на општината во четвртиот квартал од 2023 изнесува 59,22%.

Приходите на самофинансирачки активности се реализирани во износ од 6.190.908 денари или 46,94% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година.

Приходите од донации се реализирани во износ од 27.744.337 денари или реализацијата изнесува 51,20% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година. Износот на реализација во однос на истиот период во 2022 година бележи зголемување од 62,19%.

**Табела бр.1 (Реализација на вкупни приходи во 2023 година по сметки)**

| Приходна сметка | Буџет 2023 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реализ. 2022 (во ден.) | реал. 2023/ реал. 2022 ( %) | реал. 2023 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 196.039.185 | 171.387.840 | 179.011.730 | - 4,26 | 87,43 | 24.651.345 |
| Донации | 54.187.060 | 27.744.337 | 17.106.029 | 62,19 | 51,20 | 26.442.723 |
| Кредити | 30.000.000 | 22.813.996 | 0 | | 76,05 | 7.186.004 |
| Самофинанс. активности | 13.188.087 | 6.190.908 | 5.834.790 | 6,10 | 46,94 | 6.997.179 |
| Дотации | 389.745.899 | 331.282.564 | 284.269.436 | 16,54 | 85,00 | 58.463.335 |
| Вкупен приход | 683.160.231 | 559.419.645 | 486.221.985 | 15,05 | 81,89 | 123.740.586 |

**Графички приказ бр.1 - Структура на општинските приходи по сметки**



Од табела бр. 2, прикажана подолу, можеме да видеме дека даночните приходи се реализирани во износ од 94.815.770 денари, или 96,09% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година, што покажува зголемување од 9,89% споредено со претходната година.

Кај даночните приходи, од персонален данок од доход на платите се остварени 8.732.220 денари или 98.35% од планираниот износ (96.10% во 2022 год.).
Даноците на имот се остварени во вкупен износ од 31.928.926 денари или 91.62% од годишниот план (103.72% во 2022 год.), при што од данок на имот на физички лица е остварен приход од 16.346.433 ден., од данок на имот на правни лица 4.607.939 ден. , од данок на промет на недвижности 9.464.752 ден. итн.
Најголемо учество во остварените даночни приходи имаат приходите остварени од даноците на специфични услуги (комунални такси и надоместоци), кои се остварени во вкупен износ од 49.175.740 денари односно 97.89% од планираните за 2023 година (88.67% во 2022 год.). Овде најголемо учество имаат приходите остварени од комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување 25.005.908 денари, од надоместок за уредување на градежно земјиште се остварени 10.736.986 денари, од надоместоци од комунални дејности се остварени 5.333.646 денари, од комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија се остварени 3.418.209 денари, како и 3.341.537 денари комунална такса за користење на улици со возила, која се плаќа при регистрација на возилата.

Неданочните приходи се реализирани во износ од 10.676.162 денари или 81,37% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година, што покажува зголемување од 15,50% споредено со претходната година.

Од вкупниот износ на неданочните приходи во основниот буџет се остварени 4.485.254 денари и во буџетот на самофинансирачки активности 6.190.908 денари. Овде влегуваат административни и локални такси со износ од 1.488.445 денари, такси и надоместоци со износ од 6.187.888 денари, други неданочни приходи во износ од 2.999.829 денари.

Капиталните приходи се реализирани во износ од 15.067.440 денари или 69,09% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година, што покажува намалување од 39,25% споредено со претходната година.

Во капитални приходи влегуваат приходот од надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 9.923.918 денари, приходот од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 2.710.798 денари, од продажба на неизградено градежно земјиште 1.360.187 денари, од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти 1.046.537 денари итн.

Трансферите и донациите се реализирани во износ од 416.046.277 денари или 80,08% во однос на планираните приходи во буџетот за 2023 година, што покажува зголемување од 13,71% споредено со претходната година.

Кај трансфери и донации од наменска и блок дотација се добиени 317.979.470 денари, од донација 27.744.337 денари, од месечна дотација на општината од ДДВ се добиени 52.175.957 денари, од трансфери од буџетот на рм и од буџетите на фондовите 4.843.419 денари итн.
Кај буџетот на кредити Општината има добиено прва транша во износ од 370.963 евра или 22.813.996 денари од долгорочниот кредит за кој Општина Радовиш има склучено договор со Комерцијална банка АД Скопје со бр. 03-248/11 од 06.06.2023 год. за капитален инвестиционен проект Градски пазар на износ од 1.296.900 евра. Средствата од 22.813.996 денари изнесуваат 76.05% во однос на планираното задолжување за 2023 год. и се исплатени на изведувачот Фабрика "Карпош" за изградба на Градски пазар.

**Табела бр.2. (Реализација на вкупни приходи во 2023 година по економска класификација)**

| Видови на приходи (по економ. класифик.) | Буџет 2023 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реализ. 2022 (во ден.) | реал. 2023/ реал. 2022 ( %) | реал. 2023 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| даночни приходи | 98.673.766 | 94.815.770 | 86.280.560 | 9,89 | 96,09 | 3.857.996 |
| Неданочни приходи | 13.121.000 | 10.676.162 | 9.243.531 | 15,50 | 81,37 | 2.444.838 |
| Капитални приходи | 21.810.000 | 15.067.440 | 24.801.871 | - 39,25 | 69,09 | 6.742.560 |
| Трансфери и донации | 519.555.465 | 416.046.277 | 365.896.023 | 13,71 | 80,08 | 103.509.188 |
| Задолжување во земјата | 30.000.000 | 22.813.996 | | | 76,05 | 7.186.004 |
| Вкупен приход | 683.160.231 | 559.419.645 | 486.221.985 | 15,05 | 81,89 | 123.740.586 |

**Графички приказ бр.2 - Клучни приходи на општината во 2023 год. согласно економската класификација**



**Расходи на општината**

Во текот на 2023 година реализирани се вкупни расходи на буџетот на општината во износ од 515.171.929 денари или 75,41% во однос на вкупно планираните расходи кои за 2023 година изнесуваат 683.160.231 денар. Во Билансот на расходите остварените расходи се прикажани по ставки и потставки, додека во Посебниот дел на завршната сметка остварените расходи се прикажани по програми, ставки и потставки.

**Табела бр.3 (Реализација на вкупни расходи во 2023 година по економска класификација)**

| Видови на расходи (по екон. класиф.) | Буџет 2023 (во ден.) | реализ. 2023 (во ден.) | реализ. 2022 (во ден.) | реал. 2023/ реал. 2022 ( %) | реал 2023 (%) | нереализ. буџет (во ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Плати и надоместоци** | 317.175.931 | 306.348.302 | 256.908.264 | 19,24 | 96,59 | 10.827.629 |
| **Резерви и недефин.расходи** | 550.000 | 500.000 | 0 | | 90,91 | 50.000 |
| **Стоки и услуги** | 150.770.798 | 100.899.763 | 117.609.110 | -14,21 | 66,92 | 49.871.035 |
| **Каматни плаќања** | 500.000 | 492.131 | 2.388 | | 98,43 | 7.869 |
| **Субвенции и трансфери** | 33.879.925 | 29.608.210 | 23.171.665 | 27,78 | 87,39 | 4.271.715 |
| **Социјални бенефиции** | 500.000 | 500.000 | 495.111 | 0,99 | 100,00 | 0 |
| **Капитални расходи** | 175.783.577 | 72.865.025 | 74.211.661 | -1,81 | 41,45 | 102.918.552 |
| **Отплата на главнина** | 4.000.000 | 3.958.498 | 3.958.498 | 0,00 | 98,96 | 41.502 |
| **Вкупно расходи** | **683.160.231** | **515.171.929** | **476.356.697** | **8,15** | **75,41** | **167.988.302** |

Од табела бр. 3 може да се види дека реализацијата на расходите за плати и надоместоци на општината изнесува 306.348.302 денари (51.845.757 ден. од основен буџет и 254.502.545 ден. од буџет на дотации) односно 96,59% во однос на планот, што покажува зголемување од 19,24% споредено со претходната година. Со овие средства се измирени платата и надоместоците на вработените во единките буџетски корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита, потоа на општинската администрација, градоначалникот и на противпожарната единица, надоместоците на советниците на општината.

Реализацијата на резерви и недефинирани расходи изнесува 90,91%, додека реализацијата на расходите за стоки и услуги на општината изнесува 66,92%, што покажува намалување од 14,21% споредено со претходната година. Во вкупно реализираните 100.899.763 денари за стоки и услуги влегуваат расходите за патни и дневни трошоци, комунални услуги, греење, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување на деловни објекти, возила, опрема и др.; договорни услуги

(осигурителни, здравствени, ветеринарни, договори на дело, изработка на урабнистички планови), други тековни расходи (членарини, репрезентација, огласи, услуги од катастар и др., оперативни трошоци), превозни услуги во образованието и др. Наведениет расходи се однесуваат на тековно оперативните потреби на општинската администрација, градоначалникот, противпожарната единица, советот на општината, единките буџетски корисници од областа на образование, култура, социјална заштита.

За субвенции и трансфери се потрошени вкупно 29.608.210 денари или 87,39% во однос на планот, што значи зголемување од 27,78% споредено со претходната година. Од овие средства 10.255.946 денари се трансфери до невладини орграницации (здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови), 18.852.264 денари се разни трансфери (8.282.692 денари трансфер на ЈПССО "Радовиш 2014" за потрошена ел.енергија за улично осветлување, 547.685 ден. трансфер на ЈП Плаваја за набавка на машина за хоризонтална сигнализација, 2.470.000 денари трансфери до здруженија и физички лица по програма Културни манифестации и творештво, 481.458 денари исплата на јубилејна награда на вработени, плаќање по судски решенија 1.740.366 денари, трансфери при пензионирање 1.583.025 денари, стипендии за поддршка на млади таленти 675.000 денари, како и други трансфери согласно донесени одлуки од Совет на општина Радовиш).

За исплата на социјална помош во текот на 2023 година се потрошени 500.000 денари.

Капиталните расходи на општината се реализирани во висина од 72.865.025 денари или 41,45% во однос на планот, што покажува незначително намалување од 1,81% во однос на 2022 година. Расходите се направени за следните капитални потреби:

- купување на информатичка и видео опрема, купување на друга опрема во износ од 1.416.497 денари, од кои 1.093.999 денари се средства добиени од блок дотации за потребите на единките буџетски корисници;
